| | |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ<br>Одбор за акредитација на високото образование | ***Полугодишен Извештај за работата на Одборот за акредитација на високото образование за периодот Јануари 2024 – Јуни 2024*** |

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПЕРИОДОТ Јануари 2024 – Јуни 2024 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Изработил/ле:** | 11.07.2024 | Одбор за акредитација на високото образование | |
| **Правна основа:** | Врз основа на член 48 став 5 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) | | |
| **Усвоил:** | На 8-та седница на Одбор за акредитација на високото образование одржана на 11.07.2024 година. | | |

Овој документ е сопственост на Агенцијата за квалитет на високото образование, Одбор за акредитација на високото образование.

**Скопје, јули 2024 година**

*Полугодишниот извештај за работа на Одборот за акредитација на високото образование за периодот јануари – јуний 2024 година е изготвен согласно членот 48 став 5 од Законот за високото овразование („Службен весник на Република Македонија“бр. 82/2018) и Правилникот за Образецот на Извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 286/2020), со кој е утврдена обврската на Одборот за акредитација на високото образование, да изготвува полугодишни извештаии за својата работа до Министерот надлежен за работа на високото образование и до Националниот совет за високо образование.*

**Содржина**

Вовед ..... 5
ИЗВЕШТАЈ ..... 6
1. Правна рамка ..... 6
2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование: Членови во постојана комисија. ..... 7
3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација ..... 10
4. Краток преглед за општата оценка за периодот 1.јануари.2024 – 30.јуни.2024 ..... 11
5. Краток преглед за наредниот период 01.01.2024 – 30.06.2024 ..... 12
6. Организација на работата ..... 12
7. Преглед на финансиско работење ..... 13
8. Разгледувани и усвоени прописи ..... 13
9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015 ..... 14
10 Систем за обезбедување на квалитет ..... 14
10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет ..... 14
10.2 Надворешна проверка на работата ..... 14
11. Донесени решенија за акредитација ..... 15
11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи ..... 15
11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи ..... 15
11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи ..... 15
11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на височообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии ..... 16
11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми ..... 16
11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми ..... 20
11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми ..... 21
11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства ..... 21
11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација ..... 22
11.10 Решениа за Одземени акредитации ..... 23
11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив ..... 24
11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми ..... 24

12. Обуки на членовите на Одборот ........ 25
13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација ........ 25
14. Учества на конференции/состаноци ........ 25
15. Посети на делегации ........ 25
16. Остварена соработка ........ 25
17. Издавачка дејност ........ 27
18. Состојба со мрежната страница на Одборот ........ 27
19. Разгледувани документи и тематски анализи ........ 28

## Вовед

*Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија претставува орган на Агенција на квалитет на високото образование, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18). Новиот состав на Одборот за акредитација на високото образование започна со работа на конститутивната седница одржана на 02 април 2024 година.*

*Извештајот, понатаму ги прикажува надлежностите, статусот, организациската поставеност и составот на Одборот за акредитација на високото образование, како и потребата од зајакнување на Агенцијата за квалитет на високото образование, имплементацијата на Законот за високото образование и подзаконските акти во процесот на акредитацијата, и да продолжи со реализираните активности и да заврши со наодите и препораките, како и заклучните согледувања.*

*Посебен фокус во идниот мандатен период треба да биде ставен на целосна дигитализација на процесот за акредитација на високото образование.*

ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Одборот за акредитација на високотообразование**

## 1. Правна рамка

Согласно член 47 став (1) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18) Одборот за акредитација е колективно тело кое ја врши акредитацијата на високото образование. Конститутивната седница на Одборот за акредитација свикува министерот надлежен за работите на високото образование

**Надлежностите на Одборот за акредитација**. Одборот за акредитација е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на начелата на стручност и непристрасност. Одборот за акредитација во рамките на своите права и обврски утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа. Понатаму, донесува решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа, решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа како и решение за одземање на дадена акредитација по спроведена постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност согласно овој закон. Во рамките на своите надлежности Одборот одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, и утврдува исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа. Одборот одлучува за акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, како и за акредитација на ментори на докторски студии.

Исто така, врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, Одборот ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата. Во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на Предлог на Одборот за евалуација за што води евиденција за акредитираните високообразовни установи и за други акредитации (кои задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет).

Во рамките на надлежностите на Одборот до Националниот совет предлага Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, остварување на меѓународна

соработка во својата област, какои и во сферата на давање препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.

Во делот на изготвување на обрасци, Одборот е надлежен да изготвува образец за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа, како и образец на елаборат за акредитација на студиски програми.

Согласно законските обврски Одборот за акредитација го информира министерот надлежен за работите на високото образование за одобрените акредитации и за други прашања и на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет, кој задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет на високото образование и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование.

## 2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование: Членови во постојана комисија.

*Одборот за акредитација е конституиран на 02.04.2024 година (среда)* на на која присуствуваа именуваните членови од Интеруниверзитетска конференција, Владата, репрезентативното тело на организација на работодавачи, МАНУ, студент претставник од Интеруниверзитетската конференција: Проф. д-р Рубин Гулабовски, Проф. д-р Флорие Исмаили, Проф.д-р Билјана Кузмановска, Проф. д-р Гоце Цилев, Проф.д-р Сависа Димитриевска, Проф.д-р Куштрим Ахмети, Проф. д-р Ана Данева Марковска, Проф. д-р Вангелче Мирчевски, проф. д-р Марјан Ѓуровски, Проф. д-р Јетмире Алимани Јакупи, Шроф. д-р Билјана Цигловска Бојческа, Рона Татеши, Ангел Димитров. На конституивната седница отсуствуваа: Проф. д-р Виолета Цветкоска, Академик Проф. д-р Марјан Марковиќ. Претседателот се избира од редот на членовите на ОА со двотретиско мнозинство, а одлуките се носат со мнозинство гласови од присутните членови на ОА.

По спроведениот процес на тајно гласање, за Претседател на Одборот за акредитација за мандатен период 2024- 2026 година со мнозинство гласови беше избрана проф д-р Марјан Ѓуровски.

На истата седница на предлог на проф.д-р Ѓуровски, членовите на одборот за акредитација за потпретседател за истиот мандатен период е избран проф д-р Куштрим Ахмети.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (Сл.весник 82/18) Одборот за акредитација на високото образование е колективно тело кое ја врши акредитацијата.

**Табела 1.** Состав на Одборот за акредитација на високото образование

| Ред. Бр | **Научно истражувачко поле според Фраскати** | **Име и презиме на членот на ОА** | **Високообразовна установа во Република Северна Македонија** |
|---|---|---|---|
| 1. | Природно-математички науки | Проф.д-р Рубина Гулабовски | УГД |
| 2. | Техничко-технолошки науки | Проф. д-р Вангелче Мирчевски | УКЛО |
| 3. | Техничко-технолошки науки | Проф. д-р Флорие Исмаили | УЕЈЛ |
| 4. | Општествени науки | Проф. д-р Марјан Ѓуровски | УКИМ |
| 5. | Општествени науки | Проф. д-р Савица Димитриеска | МБУ |
| 6. | Општествени науки | Проф.д-р. Виолета Цветковска | УКИМ |
| 7. | Општествени науки | Проф. д-р Билјана Цигловска Бојческа | МУС |
| 8 | Медицински науки и здравство | Проф.д-р.Јетмире Алимани Јакупи | УТ |
| 9 | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Билјана Кузмановска | УКИМ |
| 10 | Медицински науки и здравство | Проф. д-р Ана Данева Марковска | УКИМ |
| 11 | Земјоделски и ветеринарни науки | Проф. д-р Гоце Цилев | УКЛО |
| 12 | Хуманистички науки | Проф. д-р Куштрим Ахмети | УТ |
| 13 | Хуманистички науки | Проф. д-р Марјан Марковиќ | МАНУ |
| 14. | Општествени науки | Ангел Димитров | Член од најрепрезентативната организација на работодавачите |
| 15 | Општествени науки | Рона Татеши | Претставник од студентите |

*На втората седница на Одборот за акредитација одржана на 24.06.2020 година (среда) беа формирани постојани стручни комисии од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација.* Одборот за акредитација ги формираше шест постојаните стручни комисии, од по три члена, од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација, согласно член 49 став (7) од Законот за високо образование („Службен весник на РСМ" бр.82/2019), кој гласи "Одборот за акредитација, од редот на членовите, формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот за акредитација нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот за акредитација во комисии може да ангажира и надворешни стручни лица.

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Природно-математички науки:*

*1.Проф. д-р Рубин Голабоски- Претседател*

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Техничко-технолошки науки:*

*1.Проф. д-р Вангелче Митревски- Претседател*

*2.Проф. д-р Флорие Исмаили- Член*

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Општествени науки:*

*1.Проф. д-р Марјан Ѓуровски- Претседател*
*2.Проф. д-р Билјана Цинговска Бојческа- Член*
*3.Проф. д-р Виолета Цветкоска- Член*
*4.Проф. д-р Савица Димитриеска- Член*
*6.Ангел Димитров*
*7.Рона Татеши*

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Медицински науки и здравство:*

*1. Проф. д-р Јетмире Јакупи- Претседател*

*2. Проф. д-р Ана Данева Маркова- Член*

*3. Проф. д-р Билјана Кузмановска- Член*

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Земјоделски и ветеринарни науки.*

*1.Проф. д-р Гоце Цилев- Претседател*

За членови во постојана комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација - *Хуманистички науки:*

*1.Проф. д-р Куштрим Ахмети- Претседател*

*2.Акад.проф. д-р Марјан Марковиќ- Член*

Во овој извештај ќе бидат опфатени и три седници одржани во месеците јануари и февруари 2024 година, односно 70, 71 и 72 седница од претходниот состав на Одборот за акредитација на високото образование(мандатен период 2020-2024: проф. д-р Татјана

Стојаноска Иванова, академик Владо Камбовски, проф. д-р Славица Роческа, проф. д-р Блерим Саити, проф. д-р Сунчица Петровска, проф. д-р Љубица Георгиевска Исмаил, проф. д-р Никола Николов, Светлана Ристовска Антиќ, prof.dr. Qufli Osmani, prof.dr. Elmi Jusufi, проф. д-р Лилјана Колева Гудева, prof.dr. Sadudin Ibraimi, проф. д-р Атанас Кочов.( Во понатамошниот дел од текстот претходниот состав на Одборот за акредитација (мандатен период 2020-2024) )

## 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација

Во својство на надворешни стручни лица вклучени во стручните комисии согласно Законот за високо образование и подзаконските акти се номинирани лица кои покриваат научни области кои не се опфатени при избор на членови на Одборот односно да се избегне судирот на интереси на членовите на одборот за акредитација.

*Надворешни стручни лица вклучени во постапката за акредитација од „Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип беа номинирани следните членови:*

- *Хуманистички науки: ред.проф. м-.р Апостол Трепски од Универзитетот Св „Кирил и Методиј“ - Скопје;*
- *Техничко-технолошки науки: проф.д-р.Фета Синани од Универзитет во Тетово-Тетово;*
- *Техничко-технолошки науки: проф. д-р Иван Чорбев од Универзитетот Св* „Кирил и Методиј“ - Скопје;
- Техничко-технолошки науки: проф.д-р Игор Андреевски од Универзитетот Св.„Климент Охридски“ - Битола;
- *Медицисники науки: проф.д-.р Маја Мојсова Мијовска „Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип*
- *Медицински науки: проф. д-.р Сади Беџети-од Универзитет во Тетово-тетово*
- *Техничко-технолошки науки: проф.д-р Гордана Јаневска*
- *Техничко-технолошки науки: проф.д-р Оливера Петровска*
- *Природно-математички науки: проф.д-р Горан Тасев*

## 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 1 јануари 2024 – 30 јуни 2024 година

Одборот за акредитација на високотообразование, за време за кое се однесува полугодишниот извештај за работа, има одржано 6 седници:

**Табела 3.** Оддржани седници за период јануари 2024-јуни 2024 год.

| Ред. Бр. | Број на седница | Датум на одржување на седница | Начин на оддржување на седница |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 седница | 02.04.2024 година | Министерство за образование и наука |
| 2 | 2 седница | 22.04.2024 година | Филозофски Факултет, УКИМ Скопје |
| 3 | 3 седница | 10.05.2024 година | УГД Штип |
| 4 | 4 седница | 30.05.2024 година | Машински Факултет, Факултет за електротехника и информатичка технологија, УКИМ-Скопје |
| 5 | 5 седница | 06.06.2024 година | УАКС-Скопје |
| 6 | 6 седница | 17.06.2024 година | УКИМ-Ректорат, Скопје |

Исто така во овој пероид се одржани и три седници од претходниот состав на одборот за акредитација (мандатен 2020-2024):

| Ред. Бр. | Број на седница | Датум на одржување на седница | Начин на оддржување на седница |
|---|---|---|---|
| 1 | 70 седница | 18.01.2024 година | On-line |
| 2 | 71 седница | 30.01.2024 година | МАНУ |
| 3 | 72 седница | 28.02.2024 година | МАНУ |

Во периодот за кој се однесува извештајот, од страна на Одборот за акредитација беа реализирани следните активности:

1. Усвојување на Нов деловникот за работа на Одборот за акредитација;
2. Изработка на програма за работа на Одборот за акредитација;
3. Изработка на преглед на состојбата на предметите кои се предадени, а не завршени од претходните состави на Одборот за акредитација и предлог мерки и активности;
4. Разгледувани прописи, дописи од високообразовни установи, дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование,
5. Разгледување на доставените материјали од страна на Одборот за акредитација и распределба на истите до членовите на стручните комисии,

6. Формирање на стручни комисии, зависно од студиските програми, по подрачја, полиња и области се формираа и Стручни комисии.
7. Отвореност на Одборот за акредитација на високото образование, објавување на известувања и соопштенија од посебен интерес на јавноста, односно Посета на Универзитетите во насока на запознавање на сотојбите во процесите на реализација на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес согласно акредитираните студиски програми
8. Реализирање на средби со преставници на релевантни институции со цел унапредување на соработката.
9. Средба и започнување на заеднички активности во МАНУ.
10. Средба и активности со Стопанската комора.
11. Анализа на потребата за дигитализација на процесот на акредитација на високото образование.

## 5. Краток преглед за наредниот период 01.01.2024 – 30.06.2024

Активностите на Одборот за евалуација во рамките на надлежностите на Одборот за акредитација за периодот 01.01.2024 година до 30.06.2024 година ги вклучуваат следните активности:

1. Пристапување кон измени и дополнување на деловник за работа;
2. Разгледување прописи, дописи од високообразовни установи, дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование, ресорното минисерство надлежно за високото образование;
3. Разгледување на доставените материјали од страна на Агенцијата за квалитет во високотообразование и распределба на истите до членовите на стручните комисии,
4. Формирање на стручни комисии, по подрачја, полиња и области се формира во зависност од пристигнатите студиски програми;
5. Одвивање и оддржување на седниците на Одборот за акредитација во високообразовните установи, со цел промовирање на отвореност на ОА.

## 6. Организација на работата

*Работата на Одборот за акредитација, поблиску се уредуваат со новиот деловник за работа кој Одборот за акредитација го донесе на својата 2-ра редовна седница одржана на 22.04.2202 година*.

Одборот за акредитација врши акредитацијата согласно со Правилникот за стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми што го донесува Националниот совет за високото образование.

Одборот за акредитација работи и одлучува на седници, а може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови, а

одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Членовите на Одборот за акредитација се независни и самостојни во својата работа.

*Формирани се постојани стручни комисии од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација и избрани се претседателите на постојаните стручни комисии.*

*Одборот за акредитација од редот на членовите формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот во комисиите може да ангажира и надворешни стручни лица.*

Одборот за акредитација за време на полугодишниот извештај одржа 6 седници во новиот состав и 3 во стариот состав на Одборот .

## 7. Преглед на финансиско работење

Согласно член 57 точка 4 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.81/18) надлежен за финансиското работење на Одборот за акредитација е Агенцијата за квалитет на високото образоване, односно Директорот кој ја претставува и застапува Агенцијата за квалитет и во чија надлежност е материјално-финансиското работење на Агенцијата за квалитет.

Финасиските извештаи се подготвени од страна на стручните служби на Агенцијата за квалитет и Одборот за акредитација и се доставувени до стручните служби на Агенцијата на квалитет на понатамошно постапување се до исплата на надоместоците.

Имајќи во предвид дека согласно член 49 став (7) од Законот за високото образование, Одборот за акредитација на високото образование, од редот на членовите формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата, ОА доставува проекции на Буџетска пресметка за реализација на акредитација, според Годишниот план за работа на Одборот за акредитација за 2024 година. Буџетските проекции ОА ги доставува до Агенцијата за квалитет во високото образование, заедно со доставената проекција на Буџетска пресметка од страна на Одборот за евалуација на високото образование, изготвува единствена проекција на Буџетска пресметка, која ја доставува до Министерство за образование и наука.

## 8. Разгледувани и усвоени прописи

Одборот за акредитација ги разгледа следните прописи во текот на периодот за кој се однесува полугодишниот извештај:

1. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми
2. УПАТСТВО за означување на документи на Одборот за акредитација
3. Упатство за воспоставување на Внатрешен и надворешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за акредитација на високото образование

4. Одборот за акредитација усвои нов деловник за работа во текот на периодот за кој се подготвува полугодишниот извештај
5. Разгледување на потребата од измени на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми за доставување на на разгледување на нанадлежниот Национален совет на високото образование.

## 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015

Правилниците кој Одборот за акредитација ги има подготвено и усвоено претходно преку Агенцијата за квалитет на високото образование се усогласени со стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високотобразование.

Правилникот за обезбедување на внатрешен систем на квалитет како и на надворешна проверка на работата на Одборот за акредитација кој треба да се поготви и усвои, ќе ги покрива насоките содржани во Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area – ESG 2015.

## 10 Систем за обезбедување на квалитет

Системот за обезбедување на квалитет на Одборот за акредитација подразбира дисеминација на процесот на евалуација на следните два нива:

1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет,
2. Надворешна проверка на работата.

### 10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Во наредиот период работна група за внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација ќе работи согласно Правилник за спроведување на надворешна и внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација.

### 10.2 Надворешна проверка на работата

По целосно заокружување на правна рамка со подзаконски акти за спроведување на надворешна евалуација на Одборот како што е донесување на Правилник за спроведување на самоевалуација на Одборот за акредитација и дефинирање на орган ќе се спроведе надворешната евалуација која за време на извештајниот период бидејќи е краток не е спроведена надворешна проверка на работата на Одборот за акредитација.

## 11. Донесени решенија за акредитација

### 11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи

За време на извештајниот период јануари – јуни 2024 година, до Оборот за акредитација не се поднесени барања за акредитација на јавни високобразовни установи

### 11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не се поднесени барања за акредитација на приватни високобразовни установи.

### 11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација е поднесено барање од страна на Меѓународниот Универзитет во Струга за основање на Факултето за здравствени науки.

Постапувајќи по поднесено барање, Одборот за акредитација донесе Решение број 08-326/7 од 07.06.2024 година, со кое се акредитира проектот за основање на Факултет за здравствени науки, на приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга. Постапувајќи по службена должност, на 6-тата седница на Одборот за акредитација по усвојување на Записникот од седницата кога е донесено погоренаведеното решение се констатира потребата од дополнителна административна-правна проверка на истото.

Одборот за акредитација на 6-тата седница изврши дополнителна административно-правна проверка на целокупната документација која беше поднесена со барањето и повторно го разгледа Решението број 08-326/7 од 07.06.2024 година. Одборот за акредитација по дополнителна проверка утврди неправилност за целосно почитување на член 17 став (3) алинеја 2 од Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високо образовните установи и за акредитација на студиските програми (Сл.весник на РСМ бр.256, 28.11.2022год.), како и недоследност во дел од поднесените документи како што налага Законот за високо образование и Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високо образовни институции и за вршење на високо образовна дејност (“Сл.весник на РСМ” бр.245/22 и бр.4/23). Со член 2 став (1) од Законот за општата управна постапка се уредува полето на примена на овој закон и тоа ги опфаќа управните дејствија на јавните органи и на давателите на

услуги. Постапувајќи согласно начелото на законитост од член 5 и начелото на утврдување на материјалната вистина од овој процесен закон, Одборот оцени дека наведените неправилности може да доведат до поништување на донесеното решение за акредитација.
Согласно член 124 став (2) и став (3) од Законот за општата управна постапка управниот акт може во секое време да се огласи за ништовен по службена должност, или по предлог од странката и тоа во целост или делумно. Согласно член 125 став (1) од Законот за општата управна постапка со поништувањето на управниот акт и со огласувањето за ништовен се поништуваат и правните последици што ги произвел таквиот управен акт.
Во конкретниот случај, Одборот по службена должност, утврди дека при носењето на Решението број 08-326/7 од 07.06.2024 година не биле земени предвид горенаведените околности. Врз основа на сето понапред наведено, Одборот на седницата одржана на 17 јуни 2024 година одлучи како во изреката. Решението на Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија број 08-326/7 од 07.06.2024 година, со кое се акредитира проектот за основање на Факултет за здравствени науки, на приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет во Струга СЕ ОГЛАСИ ЗА НИШТОВНО во целост. Со поништувањето на Решението од точка 1 на изреката се поништуваат и сите правни последици кои тоа ги произвело. Решение на Одборот е согласно член 124 став (5) од Законот за општата управна постпка е конечно.
Од страна на МИТ Универзитет Скопје акредитација и давање на мислење на спогодба за спојување на Факултетот за дентална медицина, и Колеџ за медицинска козметологија и физиотерапија во единствена единица Факултет за медицински науки и здраство при МИТ Универзитет Скопје,која по извештајот на стручната комисија беше отфрлена поради неисполентост на законските услови.

### 11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на висообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација нема поднесено барања за акредитација на научни установи за вршење на висообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии.

### 11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација се поднесени барања за акредитација на постојани студиски програми, кои на седниците се распоределени по стручни комисии и тоа:

- 3 седница на ОА - 107 барања за акредитација на студиски програми
- 4 седница на ОА – 13 барања за акредитација на студиски програми

или за овој извештаен период поднесени и разгедани **се вкупно 120 барања за акредитација на студиски програми**.

За сите 120 барања, формирани се стручни комисии за разгледување на истите и за подготовка на извештаи.

- 4 седница на ОА - разгледани се 42 извештаи од стручните комисии
- 5 седница на ОА - разгледани се 24 извештаи од стручните комисии
- 6 седница на ОА - разгледани се 15 извештаи од стручните комисии

или вкупно разгледани извештаи од стручните комисии за овој извештаен **<u>период износува 71 извештаи.</u>**

Издадените Решенија[1] се прикажани во Табела 7.

**Табела 7**. Издадени Решенија за акредитација на постојани студиски програми

| | Високобразован установа | седиште | Назив на студиска програма | циклус | ЕКТС | Број студенти | Важност на акредитација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | УГД, Музичка академија | Штип | Музичар изведувач – саксофонист | прв циклус студии | 240 | | 2029 |
| | Универзитет во Тетово, Факултет за физичка култура, | Тетово | Спортски тренер - Скијање, прв циклус студии | прв циклус студии | 180 | | 2029 |
| | УКИМ Факултет за мебели дизајн на технологии на мебел и ентериер, | Скопје, | Дизајн и технологии на мебел и ентериер, трет циклус студии | | 180 | | 2029 |
| | Институт за Биологија, ПМФ – Скопје при УКИМ | Скопје реакредитација на студиска програма | Биологија-Микробиологија | втор циклус студии | 60 | 10 | 2029 |

[1] Издадените решенија сумативно ќе бидат прикажани во наредниот полугодишен извештај за работата на Одборот за акредитација. Издвојување и класифицирање на решенијата согласно Правилникот за образецот на извештајот за работа на ОА од страна на стручните служби на Агенцијата за квалитет во високото образование за периодот на полугодишниот извештај, е одложено поради обемот и сложеноста на процесот (но пред се поаради недоволен број на административен кадар).

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | МБУ, Факултет за образовни науки, | Скопје | Настава по турски јазик | прв циклус студии | 240 | | 2029 |
| | МБУ, Факултет за образовни науки | Скопје | Настава по англиски јазик | прв циклус студии | 240 | | 2029 |
| | УКИМ Машински факултет | Скопје | Мехатроника | Трет циклус студии | 180 | | 2029 |
| | Природно - математички факултте при УКИМ | Скопје | Биологија и микробиологија | прв циклус | 240 | | 2029 |
| | Факултет за информатички и комуникациски технологии при УКЛО | Битола, | Информациски науки и комуникациско инженерство, | прв циклус | | | |
| | Факултет за информатички и комуникациски технологии при УКЛО | Битола | Информатика и компјутерска техника, | прв циклус | | | |
| | Факултет за информатички и комуникациски технологии при УКЛО | Битола | Информатика и компјутерска техника, | втор циклус | | | |
| | Факултет за информатички и комуникациски технологии при УКЛО | Битола | ИТ менаџмент | втор циклус | | | |
| | УКИМ, Машински факултет | Скопје | Мехатроника | втор циклус | 60 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | УКИМ, Машински факултет | Скопје | Транспорт, механизација и логистика | втор циклус | 60 | | |
| | Филозофски факултет при УКИМ | Скопје, | Специјална едукација и рехабилитација - Наставна технологија за лица со попреченост, | втор циклус | 60 | | |
| | Филозофски факултет при УКИМ | Скопје | Специјална едукација и рехабилитација - инклузивно образоване | втор циклус студии | 60 | | |
| | Филозофсккии факултет при УКИМ | Скопје | Специјална едукација и рехабилитација - моторно нарушување | втор циклус студии | 60 | | |
| | Филозофсккии факултет при УКИМ | Скопје | Специјална едукација и рехабилитација - оштетување на слухот | втор циклус студии | 60 | | |
| | Филозофски факултет при УКИМ | Скопје | Специјална едукација и рехабилитација - оштетување на видот | втор циклус студии | 60 | | |
| | Правен факултет при УКЛО | Кичево | Меѓународно право и меѓународна политика | трет циклус студии | 180 | | |

Од претходниот состав на Одборот за акредитација ( 2020-2024) :

- 70 седница на ОА - 17 барања за акредитација на студиски програми
- 71 седница на ОА – 23 барања за акредитација на студиски програми

или за овој извештаен период поднесени и разгледани **<u>се вкупно 40 барања за акредитација на студиски програми</u>**.

За сите барања, формирани се стручни комисии за разгледување на истите и за подготовка на извештаи.

- 70 седница на ОА - разгледани се 32 извештаи од стручните комисии

- 71 седница на ОА - разгледани се 16 извештаи од стручните комисии
- 72 седница на ОА - разгледани се 54 извештаи од стручните комисии

### 11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација се поднесени -- барања за акредитација на нови студиски програми.

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на Елабораите за реакредитација на нови студиски програми. Решенија се прикажани во Табела 8.

**Табела 8**. Издадени Решенија за акредитација на нови студиски програми до изработка на Извештајот

| | Високобразовани установа | седиште | Назив на студиска програма | циклус | ЕКТС | Број студенти | Важност на акредитација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Правен факултет при УКИМ | Скопје | Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции | тор циклус студии | 60 | 10 | 2029 |
| | Факултет за земјоделски науки и технологии при УКИМ | Скопје | Дигитално земјоделство | прв циклус | 240 | 60 | 2029 |
| | Правен факултет „Јустинјан Први“ при УКИМ | Скопје | Применета и компе327ативна политика | втор циклус студии | 60 | | 2029 |
| | Филозофски факултет при УКИМ | Скопје | Специјална едукација и рехабилитација - интелектуална попреченост | втор циклус студии | 60 | | 2029 |
| | Филозофски факултет при УКИМ, | Скопје | акредитација на нова студиска програма Специјална едукација и рехабилитација - рана | втор циклус студии | 60 | | 2029 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | интервенција, | | | | |

### 11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има разгледано и одобрено барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми и тоа:

- 4 седница на ОА - разгледани се и одобрени 8 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 5 седница на ОА - разгледани се и одобрени 8 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 6 седница на ОА - разгледани се и одобрени 2 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии

За време на извештајниот период Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на барањата за акредитација на ментори на докторски студиски програми. За време на извештајниот период од поднесените барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми завршени се 18 барања.

Од претходниот состав на Одборот за акредитација( манадетн период 2020-2024) разгледани и одобрени барања за ментори на докотрски студии:

- 70 седница на ОА - разгледани се и одобрени 13 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 71 седница на ОА - разгледани се и одобрени 5 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии
- 72 седница на ОА - разгледани се и одобрени 9 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии

### 11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства

Одбиени се барање за акредитација на студиска програми за кои стручнит комисии констатира дека не се исполнуват законските обврски

- Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој, УКИМ Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии, реакредитација на
- Индустриско инженерство втор циклус студии, Факултет за инженерство, МБУ Скопје;
- Наука за податоци –Машинско учење и статистика втор циклус студии
- МБУ Скопје, Факултет за инженерство;
- Автоматика и системско инженерство прв циклус студии, Електротехнички факултет, УГД Штип;

- Електроенергетика и обновливи извори на енергија прв циклус студии, Електротехнички факултет, УГД Штип;
- Геополитика, втор циклус студии (60 ЕКТС)УТМС Институт за национална географија при Универзитет Скопје;
- Безбедност, прв циклус студии (240 ЕКТС), Факултет за општествени науки при Универзитет Скопје, акредитација на студиска програма
- Здравствен менаџмент, втор циклус студии (60ЕКТС) УТМС Институт за бизнис менаџмент при Универзитет Скопје;
- Бизнис менаџмент, втор циклус студии (60 ЕКТС), УТМС Институт за бизнис менаџмент при Универзитет Скопје;
- Менаџмент на човечки ресурси, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за менаџмент на човечки ресурси при Универзитет Скопје;
- Сообраќајно транспортно инженерство, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје;
- Сообраќајно транспортно инженерство, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за технички науки при Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје;
- Безбедност, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за општествени науки при Универзитет Скопје
- Компјутерски и информатички науки, прв циклус студии, Факултет за информатичка технологија при МУС Струга;
- Информациски науки и вештачка интелегенција, втор циклус студии, Факултет за информатичка технологија при МУС Струга;
- Економска теорија и политика, прв циклус студии (180ЕКТС), Висока стручна школа Факултет за бизнис економија – Скопје;
- Бизнис и менаџмент информациски системи, прв циклус студии (180 ЕКТС), Висока стручна школа Факултет за бизнис економија – Скопје;
- Бизнис менаџмент, втор циклус студии (60 ЕКТС) на Институт за бизнис менаџмент при Универзитет Скопје - Скопје Институт за бизнис менаџмент при Универзитет Скопје - Скопје ;
- Економска теорија и политика, втор циклус студии (120 ЕКТС), Приватен научен институт за бизнис економија – Скопје;
- Економија за бизнис, втор циклус студии (120 ЕКТС), Приватен научен институт за бизнис економија – Скопје;

### 11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не се поднесени извештаи од спроведена надворешна евалуација од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Одборот за евалуација нема извршено надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми и од таа причина нема поднесено предлози до Одборот за акредитација за продолжување на акредитациите на студиски програми.

*На 6 седница одржана на 17.06 2024 се донесе Одлука за покренување на иницијатива за вонредна евалуација на 5 високобразовни установи согласно член 84 од Законот за високо образование (Службеник весник бр.82 од 8.05.2018 година) до Одборот за евалуација на високото образование.*

Во насока на исполнување на оваа законска обврска, во функција на владеење на правото и подигнување на квалитетот на високото образование, а поаѓајќи од утврдената состојба при разгледувањето на поднесените Елаборати за акредитација на студиските програми Одборот за акредитација на високото образование констаираше суштинско неисполнување на критериумите и правилата утврдени со Законот за високото образование и подзаконските акти донесени од Националниот совет за високо образование, Одборот за акредитација на високото образование на седницата одржана на 17.06.2024 година донесе Одлука да покрене постапка до Одборот за евалуација на високото образование за вонредна евалуација на високообразовната дејност на 5 високообразовни установи.

Одборот за акредитација на високото образование на понатамошно постапување ги достави и Елаборатите за акредитација на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии кои Одборот за акредитација на високото образование не ги акредитираше од горе наведените високообразовни уставови и други документи, кои можат да послужат во постапката на Одборот за евалуација на високото образование.

Ова Одлука едногласно беше донесена од страна на сите членови на одборот за акредитација и како одлука беше проследена до Одборот за евалуација на високото обазование со уверување дека ќе се добие Извештај по извршените евалуации на високо образовната дејност на горе наведените високо образовни институции со цел да постапиме врз основа на законските овластувања доколку се утврди потреба.

### 11.10 Решенија за Одземени акредитации

За време на извештајниот период до Оборот за акредитација не се поднесени предлози од страна на Одборот за евалуација на високото образование за одземање на акредитација, согласно член 48 став 3[2] и став 2 точка 8[3] од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.81/18). Одборот за евалуација нема извршено надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми и од таа причина нема поднесено предлози до Одборот за акредитација за одземање на акредитаци на студиски програми.

[2] *„Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на Предлог на Одборот за евалуација“*

[3] *„врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата“*

### 11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив

Во Одборот за акредитација во изминатиот период, односно за времето на извештајниот период, не се водени постапки по жалби.

### 11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје
2. Универзитет„ Св. Климент Охридски„ – Битола
3. Универзитет во Тетово-Тетово
4. Үниверзитет „Гоце Делчев“- Штип
5. Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово
6. Универзитет„Мајка Тереза„-Скопје
7. Европски Универзитет- Република Македонија, Скопје
8. Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле„-Охрид
9. Универзитет „Американ Колеџ„ -Скопје
10. Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје
11. Американски универзитет на Европа-ФОН
12. Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин„-Свети Николе-Битола
13. Интернационален универзитет ЕУРОПА ПРИМА
14. Факултет за исламски науки-Скопје
15. Висока школа за новинарство и за односи со јавноста
16. Меѓународен Балкански Универзитет
17. Меѓународен Универзитет „Визион„-Гостивар
18. Меѓународен универзитет-Струга
19. Бизнис Академија Смилевски-БАС-Скопје
20. Висока стручна школа Факултет за Бизнис Економија-Скопје
21. Приватна Високообразовна Професионална Установа за Бизнис Студии „Еуро Колеџ„-Куманово
22. Приватна високообразовна установа-МИТ Универзитет-Скопје
23. Бреинстер Некст - Скопје
24. Училиште за мода Фашион Десигне институте Дооел – Тетово

## 12. Обуки на членовите на Одборот

Во времето на извештајниот период членовите на Одборот за акредитација не присуствуваа на обуки. Одборот за акредитација во овој период на организираше обуки од доменот на акредитација. Постојат две главни причини:

А. За време на извештајниот период Одборот за акредитација не беа доставени покани за учество на обуки од институции и организација кои организираат обуки,

Б. Одборот за акредитација не располага со финансиски средства за самостојно да организира обуки и семинари за своите членови.

## 13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација

Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките на акредитација. Одборот заедно со Универзитети планира поголема Обука односно работилница.

## 14. Учества на конференции/состаноци

Членовите на Одборот за акредитација за време на извештајниот период не учествуваа на конференци од делокгругот на акредитација на високообразовни установи, студиски програми и ментори на докторски студии, на акредитација, начинот на организирање и функционирање на Одборот за акредитација.

## 15. Посети на делегации

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација немаше посети на делагации заради краткиот период.

## 16. Остварена соработка

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација има остварено определен број на средби релевантни за работата на Одборот. Од позначајните средби може да се нотираат следните средби:

- средбата на претседателот проф. д-р Марјан Ѓуровски и потпретседателот Проф.д-р Куштрим Ахмети со Деканите на Филолошкиот факултет проф. д-

р Владимир Мартиновски и на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„-Скопје проф. д-р Ратко Дуев;

- средбата на Членовите на Одборот за акредитација на високото образование со Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев„-Штип проф. д-р Дејан Мираковски и Проректорите на УГД-Штип;
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски и членовите на стручната комисија за технички науки и за природно-математички и информатични науки со Деканот на Електронско-технички факултет на УКИМ проф. д-р Владимир Атанасовски;
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски и членовите на стручната комисија за технички науки и за природно-математички и информатични науки со Деканот на Машински факултет на УКИМ проф. д-р Златко Петрески;
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски и членовите на стручната комисија за технички науки и за природно-математички и информатични науки со Деканот на Факултет за информатични науки и комјутерско инженерство на УКИМ проф. д-р Боро Јакимовски;
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски и членовите на стручната комисија за технички науки и за природно-математички и информатични науки со Деканот на Технолошко-металуршки факултет на УКИМ проф.д-р Стефан Кувенџиев;
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски, потпретседателот Проф.д-р Куштрим Ахмети и членовите на стручната комисија за технички науки и за природно-математички и информатични науки со Ректорот на Универзитетот Американ Колеџ проф. д-р Марјан Бојаџиев;
- средбата на претседателот проф. д-р Марјан Ѓуровски со Ректорката на УКИМ проф. д-р Биљана Ангелова и Проректорката за настава на УКИМ проф. д-р Соња Топузовска
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски, потпретседателот Проф.д-р Куштрим Ахмети со Претседателот на Националниот совет за високо образование проф. д-р Гордана Лажетиќ.
- средбата на претседателот Проф. д-р Марјан Ѓуровски потпретседателот Проф.д-р Куштрим Ахмети со Претседателот на Одборот за евалуација на високото образование проф. д-р Димитар Ташковски.

## 17. Издавачка дејност

Одборот за Акредитација на високото образование во првите шест немаше потреба од публицистичка дејснот, односно издавање.

## 18. Состојба со интернет и мрежната страница на Одборот

Одборот за акредитација не располага со сопствена мрежна страница туку ја користи интернет и мрежната страница на АКВО. На мрежната страница се објавуваат донесените акти, решенијата за акредитација и обрасци од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование. Во неколку наврати со донесување на посебни Одлуки на Одборот до Агенцијата за квалитет на високото образование се побарува навремено објавување на одлуките и решенијата на Одборот за акредитација на високото образование

Директорот и Стручните служби на АКВО се одговорни за одржување и менаџирање со интернет и мрежната страница. Усвоените акти од страна на Одборот за акредитација преку архивата на АКВО навреме се доставени до Агенцијата за квалитет на високото образование која единствено има достапност до официјалната интернет страница и само таа може да ги објави.

## 19. Разгледувани документи и тематски анализи

Во текот на времето на извештајниот период Одборот за акредитација има разгледано определен број на документи на кој посебно фокусот ќе биде даден во наредните шест месеци во 2024 година во работењето и тоа:

1. Подготовка на Предлог проект за дигитализација на процесот на акредитација на високото образование.
2. Разгледување на Националната рамка на занимања (Државен Завод за статистика 2015);
3. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 151/12);
4. Предлог за измени и дополнувања на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (потреба од измени и дополнување)
5. Информација за отсуство на правна поддршка и првичната обработка на предметот од страна на Стручна служба на Агенцијата за квалитет која ги врши стручните, административните и помошно-техничките работи како предуслов за непреченост во целокупното работење на органот.
6. Информација за потребата од интернационализација на македонскиот високо образовен систем, зајакнување на стандардите и капацитетите на високо образовните институции со посебен фокус на студиските програми и продуктот кои тие го даваат како дипломирани студенти за потребите на општеството и бизнис заедницата. Соработка со институциите на ЕУ за квалитет и акредитација на високото образование.
7. МАНУ и Одборот за акредитација на високото образование изработуваат заеднички Меморандум за соработка и поблиску да соработуваат со заеднички научно-истражувачки проекти и организирање на заедничка научна конференција посветена на состојбата, предизвиците и развојот на високото образование.
8. Градење механизми за поддршка на развојот на високото образование во земјата од страна на бизнис заедницата.
9. Одборот и Стопанските комори изработуваат текст за договор за соработка во кој ќе се дефинираат повеќе заеднички активности бидејќи национален интерес е да имаме квалитетно високо образование кое ќе биде во чекор со потребите на стопанството.
10. Анализа на состојбата на профилот на кадар со високо образование за стопанството, како и оценка на дипломираните студенти и нивната подготвеност во работниот процес.

11. Анализа на законските услови и општествената и стопанска оправданоста на студиските програми кои се акредитираат и утврдување на потребниот високо образован кадар за бизнисот во земјата.
12. Одборот за акредитација на високото образование ќе отвори дијалог меѓу бизнис заедницата, извршната власт и факултетите, односно директен разговор со работодавачите и инвеститорите со цел меѓу себе да си помогнат и да креираат студиски програми за кои е реална потребата и неопходен кадар за целокупните процеси.
13. Изработка на Информација за потребата за целосна дигитализација на процесот на акредитација на високото образование.
14. Информација за потреба од целосна и доследна примена на Закон за употреба на јазиците во работата на Агенцијата за квалитет на високото образование односно Одборот за акредитација на високото образование.
15. Информација за соработка на Студентските организации од сите Универзитети со цел да се согледа мислењето на студентите за студиските програми.

Скопје, јули 2024

**Претседател на**
**Одборот за акредитација на високото образование**
*Проф. д-р Марјан Ѓуровски*